

Ликовите на незаборавниот Мандана, Фезлие, стрико Тале, Диме грлатиот, дедо Дојчин, Арсо, Јеротие Пантиќ- на платното и театарските штици ги овековечи македонскиот актер Петре Прличко.
Со право титулата за најголемиот меѓу актерите во историјата на македонската театарска и филмска уметност му е наменета на Петре Прличко.

8.000 претставии, 32 филма, 6 драмски текста, 11 драматизации, кариера од 66 години Петре Прличко секогаш внесувал некоја посебна магија во улогите- македонска магија на човек со ѕвезда

Уште како 16-годишно момче го обзема магијата на театарот. Во 1923 година заминува со патувачкиот театар на Михајло Лазиќ, во непознат но магичен свет.Тој свет ќе му донесе блескава седумдецениска, најверојатно најинтензивна кариера што некој македонски актер успеал да ја оствари. Одиграл повеќе од 500 најразновидни улоги во театар, на филм и на телевизија, а реализирал и преку 30 режисерски постановки.

Неговите пријатели и оние кои само го запознаа, вака би го опишале- Тој е популарен не само во Македонија, туку и надвор од неговата земја и ги добивал најпрестижните награди кои можел да ги добие еден актер. Прличко беше синоним за македонскиот театар, за кого сите знаеја. Тој беше многу симпатичен човек, многу комуникативен. Таа добрина што ја имаше, таа дрдорливост, срдечност која ја носеше, пленеше, насекаде ги воодушевуваше луѓето и тие се собираа околу него. Петре Прличко е човек со ѕвезда. Нема многу актери кои имаат ѕвезда.







[illegible]